Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да ги оцени ризиците и утврди можностите за подобрување на состојбите за успешна и целосна реализација на Проектот „Информиран родител (Е- Дневник)„.
Од прелиминарните истражувања кои претходно ги извршивме како и откриените ризични подрачја во областа, произлезе потребата да спроведеме ревизија на успешност со наслов:

**"Ефективноста и ефикасноста од примената на електронскиот дневник во основното и средното образование„** со посебен осврт на подобрување на неговите функционалности и зголемување на степенот на искористеност на податоците од истиот.

Подрачјата кои покажаа ризици во извршените прелиминарни истражувања и кои и понатаму беа предмет на вршење на ревизијата на успешност групирани се во пет области и тоа:

1. **Правна рамка и стратешки документи за реализација на проектот Е-Дневник;**

2. **Координација меѓу МОН и институциите кои вршат проверка и „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во ЕМИС и користење на податоците од ЕМИС администраторите во училиштата;**

3. **Креирање, примена и функционални слабости на апликацијата Е-Дневник;**

4. **Користење на податоците од Е-Дневникот од страна на МОН, училиштата и информирање на родителите;**

5. **Развој и одржување на апликацијата Е-Дневник и информациониот систем на МОН.**

## 1. Правна рамка и стратешки документи за реализација на проектот Е-Дневник

Кај ризичното подрачје кое се однесува на правната рамка која ја уредува областа на основното и средното образование и стратешки документи за реализација на проектот Е-Дневник, се фокусиравме на прашања кои во одредена мера имале влијание врз неговата реализација.

1.1. Дневникот на паралелката, согласно измените во Законот за основното образование[1] и Законот за средното образование[2], од 1 септември 2011 година задолжително се води и во електронска форма (Е-Дневник) преку веб апликација која ја администрира МОН, а неговото неводење од страна на наставниците преставува прекршок кој е казнив со глоба во висина од 1000 евра во денарска противвредност. Со измените не се регулирани одредени прашања кои биле од значење за навремено, целосно и континуирано водење на Е- Дневникот во основните и средните училишта од следните аспекти:

- утврдената динамика на водење на Е-Дневникот на неделна основа после две години од неговото воведување имало влијание врз ажурноста на негово водење, односно во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година содржините во Е-Дневникот се внесувани од страна на наставниците на дневна, неделна или месечна основа, односно во различни временски интервали. За начинот и динамиката на негово водење, по барање на надлежните органи, ДПИ по спроведен инспекциски надзор во основните и средни училишта во РМ на крајот на декември 2012 година и првата половина на 2013 година изготвил Информации[3] во кои се констатирани состојби на неажурно водење на содржините во Е- Дневникот.

- согласно законот за основно и средно образование и правилниците за формата и содржината на педагошката документација и евиденција и начинот на нивно водење за основните и средните училишта[4], дневникот на паралелката е дел од истата и е предмет на инспекциски надзор. Имајќи предвид дека истиот се води и во електронска форма, не е дефинирано дали Е- Дневникот треба да е дел од педагошката документација и евиденција, а со тоа и предмет на инспекциски надзор. Во текот на ревизијата од одговорни лица во МОН бевме информирани дека се преземаат активности за негово дефинирање во наведената регулатива.
- за начинот на користење на Е-Дневникот не е предвидено упатство со детални објаснувања и насоки за неговите тековни и идни корисници.

[1] Закон за основното образование ("Службен весник на РМ" број 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, Автентично толкување 112/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13);

[2] Закон за средното образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13);

[3] Информација за реализација на проектот информиран родител (Е- Дневник) во основните и средните училишта во РМ за учебната 2012/2013 година од јануари 2013 година и Информација со предлог решенија за надминување на проблемите со ненавремено ажурирање на Е-Дневникот од мај 2013 година.

[4] Правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и начинот на нивно водење (Сл. весник на РМ 41/09,44/09, 64/09, 147/09, 115/10, 26/11, 132/12 );

Правилник за начинот на водење, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во средните училишта(Сл. весник на РМ 41/09,44/09, 64/09, 147/09, 115/10, 26/11, 132/12 ).

> Засега, за начинот на користење, во рамките на Е-Дневникот изработена е веб страна која содржи насоки за постапување за наставниците и родителите, дел за често поставувани прашања, за контакт и новости. Во зависност од промените во апликацијата, корисниците тековно се известуваат за новините и начинот на постапување. Имајќи предвид дека секоја година има надградба и новости за користење на апликацијата, од извршените посети и анализите на спроведените интервјуа во дел од училиштата и разговорите во МОН добивме сознанија дека би било корисно еднаш во годината да се изработува консолидирано (интегрално упатство) со што ќе се обезбеди целосна слика за сите функционалности на Е-Дневникот и можностите за користење и обработка на податоците од истиот.

Согласно Законот за просветна инспекција[5], ДПИ врши надзор над водење на педагошка евиденција и документација, односно и на дневникот на паралелката како составен дел од истата, меѓутоа долг период не е дефинирана неговата надлежност за инспекциски надзор над водење на дневникот на паралелката во електронска форма. Ова имало влијание во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година врз континуирано и целосно водење на Е-Дневникот од страна на наставниците и навремено отпочнување на вршење инспекциски надзор од страна на ДПИ. Во овој период ДПИ надзорот над Е- Дневникот отпочнал да го врши во декември 2012 година и поопфатно од јануари до јуни 2013 година по барање на МОН и Владата на РМ. Услови за редовно вршење инспекциски надзор се обезбедени со дополнувањата на Законот за просветна инспекција од октомври 2013 година, со кој е утврдена надлежност на ДПИ за вршење надзор над водење на Е-Дневникот.

Од друга страна, наместо со измени и дополнувања на законите за основно и средно образование каде првично е дефинирана обврската за водење Е-Дневник и висината на прекршокот за негово неводење, со дополнувања на Законот за просветна инспекција е утврдена и динамиката на водење на Е-Дневник на неделна основа и наместо прекршок за негово неводење казнив во висина од 1000 евра утврдена е мандатна казна и намалување на глобата на 300 евра во денарска противвредност за наставниците кои не го водат Е-Дневникот на неделна основа.

За учебната 2013/2014 година, ДПИ инспекцискиот надзор над водење на Е-Дневникот почнал да го врши во ноември 2013 година согласно Акциски план. Според информација од ДПИ[6] за извршени инспекциски надзори во 122 училишта во период од 1-25 ноември 2013 година добивме сознанија дека е констатиран значителен напредок од аспект на ажурно водење на Е- Дневникот од страна на наставниците.

Од спроведени интервјуа и посети со одговорните лица и наставниците во дел од училиштата во РМ и увид во Е- Дневникот, констатиравме дека оваа учебна година

[5] Закон за просветна инспекција ("Службен весник на РМ" број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11 и 24/13)

[6] Информација за Е-Дневник (временски период септември, октомври, ноември 2013 година) бр.1415/1 од 30.11.2013 година.

има значителни подобрувања во редовноста и целосноста на внесување на содржините во Е-Дневникот од страна на наставниците.

1.2. Со Програма на Владата на Република Македонија за период 2011- 2015 година предвидени се повеќе проекти во областа на основното и средното образование, меѓу кои и Проектот „Информиран родител (Е-Дневник)“, со цел подобрување на комуникацијата помеѓу наставниците и родителите и овозможување секојдневен и едноставен увид во дневникот на интернет за оценките, поведението и отсуствата на децата, наставните содржини и други информации, со имплементација од септември 2011 година.

Реализацијата на проектот од страна на МОН е започнат во ноември 2010 година, со постапка за јавна набавка за избор на правен субјект за изработка на апликација Е- Дневник наменет за користење од страна на училиштата во РМ и МОН. За текот и успешна реализација на Проектот, МОН нема изготвено стратегија за долгорочно дефинирање на потребните активности, односно проценка на:

- финансиски средства за изработка на апликацијата, континуирана надградба и одржување на истата за подолг временски период;
- човечки и други ресурси и услови за стабилно одржување и развој на истата;
- надлежности на МОН и другите државни институции и училиштата кои имаат соодветни активности и обврски за функционирање на Е- Дневникот и
- други потребни услови.

Во отсуство на ваков стратешки документ, од извршените разговори и интервјуа со одговорни лица бевме информирани дека МОН во соработка со Владата на РМ секоја година тековно ги анализира и утврдува потребите за подобрување на функционалностите на апликацијата, корисничка и техничка подршка и надградба на истата. Во овие активности е вклучено и лице – информатичар кое е задолжено да ги прима извештаите од субјектот кој ја изготвил апликацијата, да дава подршка на инспекторите, наставниците за успешно користење на апликацијата, да ги следи потребите за нови функционалности како и за навремено известување и отстранување на проблемите на кои наидуваат корисниците на Е- Дневникот.

**2. Координација меѓу МОН и институциите кои вршат проверка и „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во ЕМИС и користење на податоците од ЕМИС администраторите во училиштата**

Кај ова ризично подрачје се фокусиравме на прашања поврзани со начинот и роковите на координација на истите од страна на МОН и други услови потребни за

користење на податоците од ЕМИС базата од страна на администраторите во училиштата.

Согласно законската регулатива, Бирото за развој на образованието[7] (во понатамошниот текст: БРО) ги предлага на министерот за образование и наука наставните планови за предучилишното, основното, средното и специјалистичкото образование, образование за учениците со посебни образовни потреби и за образованието за возрасните и наставните програми за предучилишното, основното, гимназиското и уметничкото средно образование, општообразовните предмети во средното стручно образование, во специјалистичкото образование, како и за образованието за возрасните, образование за децата со посебни образовни потреби.

Наставните планови за сите нивоа на стручно образование и моделот за наставни програми за стручни предмети за стручно образование и обука ги предлага и развива Центарот за стручно образование и обука[8] во понатамошниот текст: ЦСОО) кои ги доставува за мислење до БРО.

Овие институции пред почетокот на учебната година за потребите на Е-Дневникот вршат проверка и „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во базата на податоци од ЕМИС (која содржи податоци за ученици, наставници и предмети со наставни планови). Наведените активности не се предвидени во законската регулатива на овие институции, ниту МОН има пишани процедури и постапки за комуникација, начин на координација и рокови за завршување на проверките. Истите ги вршат по барање на МОН, кое во средината на јуни доставува дописи до нив да завршат со валидацијата најдоцна до крајот на јули, а доколку не е завршена со ургенција до средината на август, но без посочување повратно да биде известено за датумот на завршената проверка. Од извршената посета добивме сознанија дека во ЦСОО за завршување на валидацијата е потребно повеќе време, истата ја вршат 10 советници кои покрај редовните активности работат и на внесување и валидација на наставните планови во ЕМИС за 14 стручни струки во средните училишта, секое од нив со различни 3 и 4 годишни профили или вкупно 50 различни профили, секој профил со околу 30-на различни предмети, некои од нив се учат повеќе години (пример електротехничка струка има 69 планови).

Констатиравме дека завршувањето на овие активности во наведените рокови е од особена важност, бидејќи е услов училишните администратори во основните и средните училишта навреме да отпочнат да ги внесуваат податоците во ЕМИС базата за новата учебна година кои се потребни за креирање на паралелките и поврзување на наставниот кадар со соодветен предмет/профил со што се овозможува навремено отпочнување на водење на Е- дневникот. Од извршените посети и спроведените интервјуа во дел од училиштата добивме сознанија дека за

[7] Закон за Бирото за развој на образованието (Сл. весник на РМ бр.37/06, 142/08, 148/09 и 69/13)
[8] Закон за стручно образование и обука (Сл. весник на РМ бр.71/06, 117/08, 148/09, 17/11 и 24/13)

последите две учебни години „валидацијата„ од страна на ЦСОО доцнела, односно завршила во втората половина на септември.
За завршеното префрлување на наставните планови за основно образование, гимназиско, средно музичко и уметничко образование во ЕМИС системот во учебната 2012/2013 година, МОН на 26 септември 2012 година на веб страната на Е-Дневник ги известил корисниците на Е-Дневникот (училиштата) за активностите кои треба да ги завршат училишните администратори во секое училиште:

- внес (распределба) на наставници во новите училишни планови,
- внес (распределба) на наставници по паралелки,
- проверка и усогласување на податоци за веќе префрлени ученици и основно дефинирање на самите паралелки,
- внес на податоци за ученици од прво одделение,
- креирање на податоци за паралелки за прво одделение/прва година средно образование,
- пренос на предмети по ученик и внес на податоци за училишни активности за новата учебна година.

За учебната 2013/2014 година, МОН во средината на август 2013 година ги известил[9] директорите и училишните администратори на сите училишта во рок од една недела комплетно да ги внесат во ЕМИС сите податоци за училиштето и учениците, кога уште не било завршено целосно префрлување на наставните планови од страна ЦСОО.
Од анализите на спроведените интервјуа во дел од училиштата, констатиравме дека за внесувањето на податоците за нова учебна година од страна на училишните администратори кои се воедно и наставен кадар потребни се од неколку дена до неколку недели, во зависност од бројот на ученици, бројот на училишни администратори, вид на училиште (основно, средно, стручно), недостапност или оптеретеност на апликацијата во време кога училишните администратори имаат обврска за внесување податоци за новата учебна година, каснење со верификација на одредени стручни профили од ЦСОО за средните стручни училишта на почетокот на годината или нивна верификација во текот на годината.

Наведеното упатува дека овие состојби претставуваат ризик за навремено отпочнување на внесување на податоците во Е-Дневникот истовремено со започнување на новата учебна година која согласно Законот за основно и Законот за средно образование започнува од 1 ви септември, поради кои Е- Дневникот во учебните 2012/2013 и 2013/2014 година бил ставен во функција со доцнење од 1-2 месеци.

[9] Известување бр.07-11028/1 и бр.07-11027/1 од 16.08.2013 година

## 3. Креирање, примена и функционални слабости на апликацијата Е-Дневник

Кај ова ризично подрачје се фокусиравме на прашања поврзани со функционалните слабости во примената на апликацијата Е-Дневник и потребата од подобрување на истите со цел обезбедување точност и целосност на податоците во него.

Проектот Е-Дневник почнал да се реализира со изработка на апликација во 2010 година, која се надградува секоја година согласно пријавените проблеми и укажаните потреби за надградба од корисниците на апликацијата кои ги прибира и разгледува лице – информатичар и анализи на истите од одговорни во МОН. Исто така, МОН секоја година обезбедува корисничка и техничка поддршка на апликацијата од страна на правниот субјект што ја изработил истата.
Од увидот во доставената документација, спроведени интервјуа со одговорни лица во МОН и во училиштата како и од увидот во апликацијата утврдивме одредени слабости и потешкотии при користење на воспоставените функционалности, неимплементирани делови од дневникот на паралелката и различно постапување по одредени прашања или ситуации:

**Неимплементирани делови од дневникот на паралелката во Е- Дневникот**

Во Е-Дневникот во делот „Оценки и поведение„ после внесените оценки за успехот по предметите според наставниот план нема можност за внесување забелешка дека ученикот е упатен на испит на годината или поправен испит и евидентирање на добиените оценки од овие испити, како што е предвидено во дневникот на паралелката.

- Нема можност за евидентирање на бројот на решението со кое е извршена исправка на оценката, односно во Е-Дневникот не е предвидено поле (место) за внесување на истото како што е предвидено во дневникот на паралелката, како доказ за извршената исправка.

- Податоците за испишан ученик во текот на учебната година не се зачувуваат во Е-Дневник, при доделување статус „испишан„ во ЕМИС базата, додека пак во дневникот на паралелката тие податоци не се бришат и има за ефект различни редни броеви на учениците во Е-Дневникот и дневникот на паралелката.

- Со увид во Е-Дневникот и дневниците на паралелката во дел од училиштата констатиравме дека оценките од спроведеното екстерно тестирање во учебната 2012/2013 година по усвоените приговори од Државниот испитен центар и оценките за учениците кои полагале екстерно тестирање во месец август не се ажурирани, односно не се внесени во Е-Дневникот.

Наведените состојби упатуваат на неидентичност на податоците помеѓу Е-Дневник-от и дневникот на паралелката и можни ефекти врз печатењето на свидетелствата преку Е-Дневникот.

**Различно постапување на наставниците по одредени состојби**

- Во делот „Работа на час„ наставните единици кои не се реализирани според редовниот распоред наставниците различно ги евидентираат во Е-Дневникот. Некои часот го евидентираат во предвиденото место согласно распоредот со забележување на денот кога реално часот е одржан, а некои не забележуваат дека часот не е одржан согласно распоредот.
  Оваа состојба има за ефект неидентичност на евидентираните изостаноци на учениците помеѓу Е-Дневникот и дневникот на паралелката, можни ефекти врз печатењето на свидителствата и ризик од точни и споредливи податоци на ниво на училиште и на ниво на сите училишта во РМ.

- При внесување на оценка во Е-Дневникот задолжително треба да се пополни полето за внесување на забелешка за истата. Бидејќи нема детална спецификација колку треба да е детален описот, оставено е на избор на наставникот, поради што некои наставници во ова поле ја опишуваат оценката, додека други запишуваат било каков знак бидејќи без пополнување на ова поле нема можност да се евидентира внесената оценка.

**Други состојби во примена на Е- Дневникот**

- Модулот за внесување на изостаноците доведува до бавно евидентирање на истите, претежно кога ученикот е отсутен еден или неколку часа, поради тоа што, според постојното решение, апликацијата автоматски го евидентира како отсутен за сите часови што ги има согласно распоредот за тој ден што упатува дека е потребно да се поедностави опцијата, односно да постои можност за евидентирање отсутност посебно за час.

- Страната од Е-Дневникот како доказ дека податоците се прегледани од страна на раководителот на паралелката и директорот со цел потврдување на точноста на податоците во него не се потпишува, поради тоа што не е предвиден начинот на потпишување.

- Од извршената посета во дел од училиштата констатиравме дека Модулот за изработка на свидетелства преку Е-Дневникот кој училиштата имаат можност да го користат од учебната 2012/2013 година не е користен меѓу другото и поради несигурност од целосни и точни податоци во него.

Со увид во Е- Дневникот констатиравме дека со почетокот на оваа учебна година има значителни подобрувања на функционалностите на апликацијата и нејзино користење од страна на наставниците.

## 4. Користење на податоците од Е-Дневникот од страна на МОН, училиштата и информирање на родителите

Кај ова ризично подрачје се фокусиравме на модулите за внес (изработка) на дополнително дефинирани кориснички извештаи за потребите на МОН и на училиштата, начинот на обезбедување на податоците и информирање на родителите.

Модулот за изработка на Извештај за внес на дополнително дефинирани кориснички извештаи за потребите на МОН е предвиден со Договор од 2012 година[10] и истиот е предмет на договорени обврски и со Договорот од октомври 2013 година[11]. Согласно техничката спецификација од наведените договори, модулот треба да овозможи изработка на извештаи кои ќе овозможуваат преглед по различни димензии на најважните параметри на образовниот процес и извештаи поврзани со оптовареност и посетеност на системот. Во модулот се опишани основните функционалности кои треба да се покријат и дека е потребно дополнително да се детализираат сите параметри со помош на стручните служби во МОН. Овој модул во Е- Дневникот не е имплементиран.
Засега, потребните податоци за училиштата МОН тековно ги бара и обезбедува преку Единиците на локалната самоуправа кои ги собираат и сумираат податоците добиени од училиштата. Податоци се обезбедуваат и од Извештајот за системот Е-Дневник за учебна година изготвен од правниот субјект кој ја изработил и ја одржува апликацијата без да се споредат со податоците со кои располагаат службите на МОН и истите не ги користат.

Наведените состојби упатуваат на нецелосно обезбедени услови за користење на податоците од Е-Дневникот од страна на МОН.

Модулот за внес на дополнително дефинирани кориснички извештаи за потребите на училиштата треба да овозможи да се изработат извештаи кои треба да им служат на училиштата за внатрешна евиденција и да се направат согласно извештаите кои училиштата ги подготвуваат тековно. Извештаите треба да бидат

10 Договор за јавна набавка на услуга за корисничка и техничка поддршка и надградба на информациониот систем Електронски дневник и прво ниво на поддршка за ЕМИС системот бр.18-4560/12 од 22.08.2012 година
11 Договор за јавна набавка на услуга за корисничка и техничка поддршка и надградба на информациониот систем Е-дневник бр. 18-10979/9 од 04.10.2013

ориентирани (ниво на агрегација на податоците) на ниво на паралелки во рамките на училиштето и на ниво на ученик во рамките на паралелките.
Со увид во апликацијата Е-Дневник констатиравме дека има опција која дава можност да се изработат извештаи за успехот на учениците (општ успех, изостаноци и поведение ) на крајот на првото полугодие и на крајот на годината, можност за изработка на извештај по предмети според наставниот план и оценки за нив и извештај за изостаноци на ниво на паралелка. Исто така има можност статистичките прегледи за сите паралелки да се експортираат во еден Ексел документ или во посебни ексел документи и со дополнителна обработка на истите се обезбедуваат овие податоци на ниво на училиште.
Од извршените посети во дел од училиштата констатиравме дека оваа опција не ја користат и потребните податоци и понатаму ги обезбедуваат од дневниците на паралелката и другите интерни евиденции на стручните служби на училиштата.

Со увид во Е-Дневникот и добиените информации од МОН констатиравме дека од вкупно 130.112 внесени меил адреси на родителите, во системот се најавиле 22.005 што упатува на ниско ниво на информирање на родителите од содржините на Е-Дневникот за успехот, поведението и бројот на реализирани наставни часови на своите деца.

Со цел надминување на оваа состојба и остварување на целта на проектот "Информиран родител„ МОН во текот на 2013 година склучило договори со трите мобилни оператори во РМ за пренос на СМС пораки до родителите за нивно неделно информирање за наведените содржини. На овој начин обезбедени се услови за навремено и целосно информирање на родителите кои според информациите од МОН изнесуваат 207.281 родители кои оставиле телефонски броеви, односно информирање на родителите во висина од 84,8% од вкупен број на родители евидентирани во системот за оваа учебна година.

Графички приказ на внесени родители во Е-Дневник системот за учебната 2013/2014 година




## 5. Развој и одржување на апликацијата Е-Дневник и информациониот систем на МОН

Кај ова ризичното подрачје ревизијата се фокусираше на одредени области кое се однесуваат на стратешкото планирање на информациониот систем во МОН, отсуството на политики и процедури за безбедност на ИТ како и оптовареност при опслужување на апликацијата и неможност за нејзино непречено користење во одредени периоди од учебната година.

Со Националната програма за развој на образованието 2005-2015, Стратегијата за користење на слободен софтвер во образование и Стратегијата за е-вклученост 2011-2015 дадени се насоки за употребата на информатичка технологија во образованието, меѓутоа ревизијата е на мислење дека со овие документи не е обезбедено целосно дефинирање и развој на информациониот систем на МОН. МОН нема ниту Стратегија за развој на информациониот систем за дефинирање цели, приоди и насоки кон нивно исполнување, што во одредена мера имало влијание на развој и имплементацијата на самата апликација. Од овој аспект, во периоди кога за пристап до апликацијата имаат потреба сите наставници доаѓа до значително оптоварување на системот и повремена недостапност до податоците, што значително било присутно на крајот на учебната 2012/2013 година кога се внесувале податоци во Е-Дневникот потребни за екстерното тестирање.

Во врска со политики и процедури за безбедност на ИТ, МОН нема документ за севкупна ИТ безбедност. За овие потреби, од одговорните лица во МОН бевме информирани дека се применуваат Правилникот за стандардите и правилата за безбедност на информациските системи за државните органи кои се користат во органите за комуникација по електронски пат и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на

личните податоци“ од октомври 2011 година со кој се регулира употребата на ИТ во делот на заштита на на личните податоци. Во подготовка е Стратегија за компјутерска безбедност од страна на работна група сочинета од претставници од сите министерства. Исто така бевме информирани дека политики и процедури за ИТ безбедност се обезбедуваат делумно и преку ИСО стандардизацијата и опишаните процедури во рамки на истото. Согласно законската регулатива за основно и средно образование изготвени се и Правилници за начин на обработка на личните податоци, лицата кои се овластени да ги користат податоците содржани во поединечните збирки на лични податоци, критериумите според кои се утврдува нивото на пристап на лицата кои се овластени да ги обработуваат личните податоци, техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, начинот на уништување по истекувањето на рокот на чување на личните податоци и други мерки кои се во фаза на усогласување/донесување.

За подобрување на состојбите во август 2013 година потпишан е Меморандум за соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (во понатамошниот текст: ФИНКИ), со кој е предвидено развој на платформи за интеграција на системите кои се користат од страна на МОН за потребите на основното и средното образование. Меморандумот предвидува потпишување на посебни договори и други акти со цел конкретизирање на договорените активности. До моментот на вршење на ревизијата посебни договори не се склучени, но бевме информирани дека во наредниот период ќе се склучи договор кој покрај дефинирање на активности во врска со опслужување на апликацијата Е-Дневник ќе опфати и повеќе содржини.

Во септември 2013 година извршено е префрлање на целиот хардвер и софтвер од просториите на МОН во сервер салата на ФИНКИ за апликацијата Е-Дневник и истата е во функција од 01.10.2013 година. По префрлување на системот на ФИНКИ направено е раздвојување на заедничката дата база со ЕМИС системот и новата база на Е-Дневник и има дневна синхронизација со постојната ЕМИС база.

Иако постојано се прават промени со оптимизирање на апликацијата, како и можност за хоризонтално и вертикално скалирање (усогласување) на апликациските сервери во ФИНКИ, сепак во текот на ревизијата при посета на дел од училиштата со увид во Е- Дневникот и интервјуа со неговите корисници добивме сознанија дека во одредени периоди постојат потешкотии при внесувањето на податоци и повремена недостапност на податоците од апликацијата.

Ревизијата во недостаток на стратешко планирање и нецелосната дефинирана ИТ безбедност не може да се увери дека постои сеопфатна анализа со која ќе се утврдат сите потенцијални ризици во развојот на информациониот систем, кои довеле до појава на слабости на Е-Дневникот.

**Ревизорски заклучок**

Имајќи го предвид досегашните активности на МОН за имплементација на Проектот „Информиран родител (Е-Дневник)„ предвиден со Програма на Владата на Република Македонија за период 2011-2015 година и обезбедените услови за негова примена од страна на неговите корисници сметаме дека е постигнато задоволително ниво. Целосно е овозможена комуникацијата помеѓу наставниците и родителите за неделно информирање за оценките, поведението и отсуствата на децата. Постигнато е задоволително ниво на иплементација на апликацијата и примена од страна на наставниците.

Во однос на искористеност на податоците од Е-Дневникот и нивна обработка за потребите на МОН, другите државни институции потребно е да се интензивираат активностите за имплементација на предвидениот модул и дообезбедување на услови во однос на непречена достапност на апликацијата во секое време.

**Препораки**

Со цел да се даде придонес со ревизијата на успешност за зголемување на ефективноста и ефикасноста од примената на електронскиот дневник во основното и средното образование ги даваме следните препораки:

- МОН да ги интензивира активностите Е-Дневникот да се дефинира како составен дел на педагошката документација и евиденција во соодветната законска и подзаконска регулатива;

- МОН, покрај тековните известувања и насоки за користење на апликацијата Е- Дневник кои по потреба се објавуваат на веб страницата, да ја преиспита потребата за изготвување консолидирано упатство за сите негови тековни и идни корисници. Во случај на посуштински измени да се оцени потребата од одржување повремени обуки за корисниците на Е-Дневникот.

- МОН да ја преиспита потребата од донесување соодветен документ (Акционен план) за дефинирање на идните активности, со цел натамошна реализација и целосно заокружување на проектот Е-Дневник;

- МОН да донесе пишани процедури за комуникација, координација и рокови за завршување на „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во ЕМИС базата кои ги вршат БРО и ЦСОО и рокови за внесување на податоците во ЕМИС базата за новата учебна година од страна на администраторите во

училиштата потребни за функционирање и навремено отпочнување на Е-Дневникот со почетокот на учебната година;

- МОН во соработка со корисниците на Е-Дневникот во училиштата да ги преиспита функционалните слабости на апликацијата, неиплементираните делови од дневникот на паралелката и да утврди идентичен начин на постапување за одредени состојби за кои наставниците различно постапуваат со цел да се постигне точност и идентичност на податоците со дневникот на паралелката;

- МОН да го предвиди начинот на потпишување на Е- Дневникот од страна на класниот раководител и Директорот на училиштето со цел потврдување на точноста на податоците во него и идентичност на податоците со дневникот на паралелката;

- МОН да ги преземе потребните активности за ипмлементирање на Модулот за изработка на Извештај за внес на дополнително дефинирани кориснички извештаи со цел обезбедување податоци за потребите на МОН од Е-Дневникот на брз и едноставен начин;

- МОН да донесе Стратегија за развој на информациониот систем или акционен план за дефинирање насоки за исполнување на зададените цели;

- МОН да ги регулира правата и обврските за опрема во сопственост на МОН, пренесена во друг правен субјект;

- МОН да продолжи со преземените активности во врска со обезбедување сеопфатна политика за ИТ безбедност.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор